Република Северна Македонија
Јавна општинска установа за деца Детска градинка
ЕСТРЕЈА ОВАДИЈА-МАРА
бр. 04-404/2
06.10 20 23 год.
Битола

Врз основа на Член 143 став 1 и став 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“, бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15 , 27/16,163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22) и Член 11 став 1 од Колективниот договор за јавните установи во дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и во дејноста одмор и рекреација на децата („Службен весник на РСМ“ бр 220/2022), а во врска со согласност бр.18-8592 од Министерство за финансии на РМС, Директорот на ЈОУДГ „Естреја Овадија “-Битола, распишува:

# И Н Т Е Р Е Н О Г Л А С БР.01/2023

## За унапредување на даватели на услуги во ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“-Битола за следните работни места :

1. **ДЕЗ 03 03 В03 001- ВОСПИТУВАЧ -3 (три) извршители**

**Посебни услови** утврдени со од Законот за заштита на децата и во Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“-Битола се:

Кандидатот по основ на образование да има завршено: дипломиран професор по предучилишно воспитание, дипломиран воспитувач на деца од предучилишна возраст, дипломиран педагог за предучилишно воспитание и дипломиран педагог, со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршено високо образование VII /1 степен и важечка лиценца за воспитувач, со најмалку една година работно искуство во струката.

За пополнување на работното место,кандидатите треба да ги исполнуваат **општите услови:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да го познава македонскиот јазик и кирилското писмо,
- да е физички и психички здрав
- да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност,
- да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице, негрижа или злоставување на малолетно лице или родоскврнавење, за кривично дело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое во согласност со закон е утврдено дискриминаторско однесување и
- да исполнува и други услови утврдени во актот за внатрешна организација и систематизација на работните места.

Согласно Член 143 став 6 од Законот за заштита на децата, давателите на услуги кои ќе се пријават на интерниот оглас за горенаведеното работно место,**покрај општите и посебните услови треба да ги исполнуваат и следните услови :**

-да е оценет со оцена „4" или „5 " при последното оценување,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

**Распоред на работното време :**

Работното време изнесува 40 часа неделно, кои се распоредени на 30 часа за работа непосредно со децата а другите активности да ги врши во рамките на распоредот до полното работно време односно 40 часа во една работна недела, распоредот на работното време се определува скалесто во рамките на работното време од 5:30 до 18:00 часот.

**Паричен износ на нето плата**: 33.676,00 денари.

2. **ДЕЗ 03 03 Д03 001- НЕГОВАТЕЛ - 2 (два ) извршители**

**Посебни услови** утврдени со од Законот за заштита на децата и во Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара"-Битола се:

Кандидатот по основ на образование да има завршено : четиригодишно средно училиште: средно медицинско училиште, средно образование - насока гимназија, средно музичко училиште, средно ликовно училиште, средно фискултурно училиште, како и завршено четиригодишно средно образование за лица кои се стекнале со важечка лиценца за негувател до денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата (Сл.весник на Република Северна Македонија бр.104/19), важечка лиценца за негувател и најмалку една година работно искуство во струката.

За пополнување на работното место,кандидатите треба да ги исполнуваат **општите услови:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да го познава македонскиот јазик и кирилското писмо,
- да е физички и психички здрав
- да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност,
- да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице, негрижа или злоставување на малолетно лице или родоскврнавење, за кривично дело од групата на дела против

половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое во согласност со закон е утврдено дискриминаторско однесување и
- да исполнува и други услови утврдени во актот за внатрешна организација и систематизација на работните места.

Согласно Член 143 став 6 од Законот за заштита на децата, давателите на услуги кои ќе се пријават на интерниот оглас за горенаведеното работно место,**покрај општите и посебните услови треба да ги исполнуваат и следните услови :**

- да е оценет со оцена „4" или „5 " при последното оценување,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

**Распоред на работното време :**

Работното време изнесува 40 часа неделно, кои се распоредени на 35 часа работа непосредно со децата, а другите активности да ги врши во рамките на распоредот до полното работно време односно 40 часа во една работна недела ; распоредот на работното време се определува скалесто во рамките на работното време од 5:30 до 18:00 часот.

**Паричен износ на нето плата**: 25.998,00 денари.

Заинтересираните кандидати пополнуваат **ПРИЈАВА за унапредување со прилог на потребна документација** и тоа :

-Уверение/свидетелство за завршен степен на образование кое се бара (оригинал или копија заверена на нотар),
-Важечка лиценца за воспитувач -оригинал или копија за кандидатите кои конкурираат за работното место од точката бр.1, и важечка лиценца за негувател-оригинал или копија за кандидатите кои конкурираат за работното место од точката бр.2
- Потврда за работно искуство во струката
- Лекарско уверение,
- Уверение за државјанство на РСМ
- Потврда дека го познава македонскиот јазик и кирилското писмо,
-Доказ-Уверение дека не е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност ( не постаро од шест месеци),
- Доказ-Уверение дека не му е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице,негрижа или злоставување на малолетно лице или родосвернавење, за кривчно дело од групата на дела против половата слобода ,без оглед на изречената санкција и кај кое во согласност со закон е утврдено дискриминаторско однесување ( не постаро од шест месеци)

<u>Рокот за доставување на документите е 5 (пет) работни дена,</u> сметано од наредниот ден од објавување на огласот на огласна табла и на веб страната на Установата.

Потребната документација заинтересираните кандидати треба да ја достават во хартиена форма во архивата на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“-Битола (со назнака „За интерен оглас“ бр.01/2023),а Пријавата за унапредување се пополнува на лице место,во просторијата на установата.

Ненавремена,нецелосна и некомплетна пријава и документација нема да бидат предмет на разгледување.

Контакт телефон:
Лице за контакт:
Христијан Младеновски
076/ 861-815

Симона Стефановска Јовевска
072/215-806

ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“Битола
Директор
Лидија Тфирст Митревска